Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-16499/2
1-12-2022 год./viti
СКОПЈЕ / SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА ПЛАТИ НА МЕДИЦИНСКИ ДИРЕКТОР ВО ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ“- БИТОЛА

Ноември - 2022

Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 08-16499/2 [2022]

**И З В Е Ш Т А Ј**
**Од извршена вонредна контрола на пресметка и исплата на плати на медицински директор на**
**ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ - БИТОЛА**

Вонредната контрола е извршена по добиен писмен налог од Директорот на Сектор за финансиски прашања бр. 08-16499/1 од 07.11.2022 година за утврдување на пресметана и исплатена плата на медицинскиот директор во ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година.
Согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот), вонредната финансиска контрола е извршена од страна на овластените финансиски контролори Крсте Латкоски и Соња Кузманоска.

Контролата е извршена на ден 08.11.2022 година, во просториите на ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола, а извештајот на ден 18.11.2022 год. и 21.11.2022 год. во просториите на ФЗОРСМ – ПС- Прилеп.

**Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински Директор | Д-р Александар Обедниковски | ВД Директор | Решение од МЗ бр.11-3771/1 од 20.05.2022 год. |
| Организациски директор | нема | Директор | / |

***За периодот на контролата јануари – мај како медицински директор на ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола назначена е Д-р Билјана Гагачовска субспецијалист психијатар по детска и адолесцентна психијатрија, со менаџерски договор на медицински директор со архивски број на МЗ 17-1024/1 од 02.02.2021 година.Истата е разрешена со Решение на МЗ број 11-3609/2 од 20.05.2022 година.***
***Од 20.05.2022 година до денот на контролата за В.Д. медицински директор на ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола е назначен Д-р Александар Обедниковски субспецијалист ортопед- трауматолог, со Решение од Министерот за здравство бр.11-3771/1 од 20.05.2022 год.***

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:

**Име и презиме**: Марија Богданоска
**Функција:** Раководител на одделение за материјално - финансиско работење
**Име и презиме**: Марија Јовановска
**Функција:** Раководител на сектор за административно правни работи

**Име и презиме**: Билјана Христовска
**Функција:** Раководител на ИТ сектор

Телефон за контакт: 047/243 411
E-mail: klinickabolnica@yahoo.com.mk

-На увид на контролата дадена е Согласност од Министерството за труд и социјална политика за скратено работно време и услови за работа со архивски број 08-4942 од 01.12.1995 година.
- На увид на контролата дадена е Согласност од Републички комитет за труд, за работа под посебни услови со архивски број 08-947 од 29.04.1988 година.

***<u>Примена на колективен договор</u>***

<u>Во контролираниот периодот Јануари/Септември – 2022 година, со важност е следниот Колективен договор, Анекси и Спогодби</u>:

**Колективни договори и Анекси на ПКД:**

- Колективен договор за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствената дејност на РМ (Сл.весник број 60/2010 година)
- Анекс на дополнување на колективниот договор за здравствената дејност (Сл.весник број 33/2011 година)
- Анекс за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствената дејност (Сл.весник број 80/2018 година)
- Анекс за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствената дејност (Сл.весник број 31/2019 година)
- Анекс за изменување на колективниот договор за здравствената дејност (Сл.весник број 32/2019 година)
- Анекс за изменување на колективниот договор за здравствената дејност (Сл.весник број 196/2019 година од 25.09.2019 година)
- Анекс за изменување на колективниот договор за здравствената дејност (Сл.весник број 01/2020 година од 03.01.2020 година)
- Анекс за изменување на колективниот договор за здравствената дејност (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.02.2020 година)

- Во ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски" – Битола има примена и Колективен договор на ниво на работодавач –**Колективен договор на ЈЗУ Клиничка болница ,,Др. Трифун Пановски" Битола за додатоци на плата за работа во услови потешки од нормалните(Архивски бр.02-207 од 31.05.2007 година и Измена и дополнување, заведен под бр. 01-сл од 01.03.2019 година)**, во кој се утврдени додатоци на плата во висина од најмногу 2,5 % од основната плата на работникот за работа во ,,други услови за работа". Истиот е потпишан од Претседателот на синдикалната организација во ЈЗУ Клиничка болница Битола и Претседателот на Управен одбор на ЈЗУ Клиничка болница Битола.

  На контролата не и беа дадени на увид:
  - Овластување за ЈЗУ, од страна на Министерство за здравство, ниту пак
  - Овластување од гранковиот синдикат за синдикатот на ЈЗУ, за потпишување на КД и Анексот, кои ги применува ЈЗУ.

**Констатација:**

- **ЈЗУ да ја преиспита исправноста на примената на Колективниот Договор на ЈЗУ Клиничка болница „Трифун Пановски" – Битола за додатоци на плата за работа во услови потешки од нормалните , склучени помеѓу Претседателот на У.О. на ЈЗУ**

**Клиничка болница „Трифун Пановски" – Битола и Синдикалната организација на ЈЗУ Клиничка болница „Трифун Пановски" – Битола.**

- **ЈЗУ да го преиспита почитувањето на членовите 220 и 222 од Законот за работни односи, во кој се утврдени „Страните за склучување на поединечен колективен договор за јавни установи" и „Овластувањата за склучување на колективен договор".**

***<u>Склучени Спогодби за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, помеѓу:</u>***

- Спогодба за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност Председателот на Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ и Министерот на Министерство за здравство на РМ – утврден износ од **14.090 денари** (Сл.весник број 302/2021 година од 30.12.2021 година) со примена со исплата на платата за месец јануари 2022 година.

**Констатација:**

**Вредноста на бодот е во согласност со Спогодбата за најниска плата во здравството (14.090 денари).**
**Основната плата се пресметува правилно (само основниот коефициент на сложеност помножено со 14.090 денари).**

***<u>Организирање на работа во ЈЗУ во мрежата (Закон за здравствена заштита)</u>***

Член 211

(1) Здравствените установи во мрежата се должни да обезбедат непрекинато вршење здравствена дејност, организирана работа во една, две , три или повеќе смени, со двократно работно време, со поместување на работното време со приправност или со дежурство, во согласност со потребите на населението и облиците на укажување на здравствените услуги;

(5) Непрекинато вршење на здравствена дејност се обезбедува со дежурство само по исклучок доколку на друг начин не може да се обезбеди непрекинато вршење на здравствена дејност;

(6) Во случај на потреба за обезбедување непрекинато вршење на здравствена дејност со работа со дежурство, Здравствената Установа во мрежата е должна да обезбеди Согласност од Министерството за здравство, а во случај кога обезбедувањето непрекинато вршење на здравствена дејност не е обезбедено со работа со дежурство, а ќе се појави потреба од дежурство, ЈЗУ во мрежата е должна претходно да го извести Министерството за здравство за причините и времетраењето на таквата потреба.

**Констатација:**

**За периодот за 2022 година , а и за претходните години ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски" – Битола нема добиено Согласност за организирање на работа со дежурства од страна на Министерството за здравство.**

**Пресметка и исплата на плати во *ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски" – Битола* за периодот јануари до месец септември 2022 година на медицинскиот директор**

- Во членот 73-а ставот 1 се менува и гласи :
  „На директорите и на медицинските директори во јавните здравствени установи им се утврдуваат коефициенти за плата започнувајќи со исплата на платата за месец февруари 2020 година и тоа:

| | |
|---|---|
| Здравствени станици, поликлиники и здравствени домови до 150 вработени (директори, здравствени работници без специјализација) | **6.386** |
| Здравствени станици, поликлиники и здравствени домови до 150 вработени (директори, здравствени работници со специјализација) | **6.691** |
| Здравствени домови над 150 вработени и центри за јавно здравје (директори, здравствени работници без специјализација) | **6.908** |
| Здравствени домови над 150 вработени и центри за јавно здравје (директори, здравствени работници со специјализација) | **7.237** |
| Институт за јавно здравје,центри, општи болници, специјализирани болници, заводи и институти ( директори, здравствени работници без специјализација и здравствени соработници) | **7.374** |
| Институт за јавно здравје,центри, општи болници, специјализирани болници, заводи и институти ( директори, здравствени работници со специјализација) | **7.726** |
| Клинички болници, клиники и универзитетски клиники (директори, здравствени работници без специјализација) | **7.703** |
| **Клинички болници, клиники и универзитетски клиники (директори, здравствени работници со специјализација)** | **8.070** |
| Универзитетски клинички центар, универзитетски институт (директори, здравствени работници без специјализација) | **8.051** |

- ***Контрола на пресметката и исплатата на плати на лицето Б.Г. вработено во ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски"– Битола, на работи и работни задачи – Медицински директор на ЈЗУ Клиничка болница „Трифун Пановски"– Битола до 20.05.2022 година.***

Извршен е увид во исплатни листи на вработениот со иницијали Б.Г. ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски"– Битола и за периодот на контролата за медицинскиот директор нема изготвено Решение за утврдување и пресметување на месечна плата.

Направена е споредба со коефициентите и процентите од Колективниот Договор, како и со вредноста на бодот од Спогодбите за утврдување на најниска плата, при што се констатира:

***Пресметување на плата на медицински директор Д-р Билјана Гагачовска субспецијалист психијатар по детска и адолесцентна психијатрија (јануари-мај) 2022 година***

| Назив по колективен договор | јануари | февр. | март | април | мај |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 |
| **Вредност на бод** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** |
| коефициент на сложеност: | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 |
| минат труд (%): | 3,8 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа (2,5 % ): | нема | нема | нема | нема | **има** |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема |

## Констатација:

**Медицинскиот директор Д-р Билјана Гагачовска субспецијалист психијатар по детска и адолесцентна психијатрија во периодот јануари- мај 2022 година има примања по основ плата и тоа:**

- **Основна плата и**
- **Минат труд**
- **Коефициентот на сложеност 8,070 е правилно применет,согласно Колективниот договор за здравствена дејност.**
- **Во месец мај 2022 година има примања по основ на додаток за услови за работа 2,5% - за работа со душевни болни согласно член 63 од Колективниот договор за здравствена дејност. Додатокот е правилно пресметан.**
- **Во јануари 2022 година има додаток на плата по основ на минат труд 3,8% , и истиот е неправилно утврден,спротивно на член 65 од Колективниот договор за здравствена дејност,каде стои цитирам ,,работникот има право на 0,5% додаток на основната плата за секоја година работен стаж,а најмногу 20%."Во месеците февруари – мај додаток на плата по основ на минат труд е правилно пресметан.**

**Други примања по основ на додатоци на плата за контролираниот период нема.**

- ***Контрола на пресметката и исплатата на плати на лицето А.О. вработено во ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски"– Битола, на работи и работни задачи – В.Д. медицински директор на ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски"– Битола од 20.05.2022 година до денот на контрола***

Извршен е увид во исплатни листи на вработениот со иницијали А.О. ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски"– Битола за периодот на контролата за медицинскиот директор нема изготвено Решение за утврдување и пресметување на месечна плата.

Направена е споредба со коефициентите и процентите од Колективниот Договор, како и со вредноста на бодот од Спогодбите за утврдување на најниска плата, при што се констатира:

*Пресметување на плата на медицински директор Д-р Александар Обедниковски субспецијалист ортопед- трауматолог (мај-септември) 2022 година*

| 2022 година | Коефициенти на сложеност и пресметана бруто основна плата на В.Д. медицински директор на ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски" –Битола до 20.05.2022 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Ефемајктивни саати во месецот | Коеф. на сложеност во ЈЗУ на медицински директор на ЈЗУ Член 73-а 8,070 | Висина на најниска плата во ЈЗУ за коефициент 1 (висина евидентирана во пресметките за плата)КД на ЈЗУ | Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ за ефективни саати во месецот | Одработени саати во месецот |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3*4) | 6 |
| 05/2022 | 176 | 5,775/8,070 | 14.090 | 81.370 | 176 |
| 06/2022 | 176 | 8,070 | 14.090 | 113.706 | 176 |
| 07/2022 | 168 | 8,070 | 14.090 | 113.706 | 168 |
| 08/2022 | 184 | 8,070 | 14.090 | 113.706 | 184 |
| 09/2022 | 176 | 8,070 | 14.090 | 113.706 | 176 |
| Вкупно | | | | 536.194 | |

**Констатација:**

- **За периодот од 01.05.2022 година до 30.09.2022 година исплатена е вкупно основна плата во бруто износ од 536.194 денари, согласно утврдениот коефициент на сложеност за тоа работно место и Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност;**

- **Коефициентот на сложеност 8,070 е правилно применет,согласно Колективниот договор за здравствена дејност.**

- **Додатокот за минат труд 0,5% за секоја година изминат работен стаж се пресметува правилно.**

За работа со дежурства во одделението за ортопедија на ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски"– Битола , дежурните доктори имаат право на додаток на плата за дежурство, согласно Член 64 од КД, дел за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата од јули 2020 година (консолидиран текст) и тоа:

- Работникот има право на додаток за дежурство во хируршките гранки во износ од 114%, а во другите гранки 96% од саатнината за редовно работно време;
- За работа во денови на празници утврдени со Закон работникот има право на додаток на платата што му припаѓа кога тие денови не работи и плата за поминати часови за работа зголемени за 42%;

**Констатација:**
**Од увидот во исплатните листи во ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски"– Битола во одделението за ортопедија:**
**- Дежурството од понеделник до петок се пресметува по 12 часа;**
**-За време на викенд (сабота/недела) дежурство се пресметува за 18 часа;**
**-За државен празник дежурството се пресметува 24 часа;**

**-За секој ден дежурство (понеделник/петок,викенд и празник) се исплатува 8 часа ноќна работа (50%).**
**-За горенаведениот начин на организација и плаќање на дежурствата на увид на контролата не и беше доставен соодветен документ.**

За евиденција на дежурствата во ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски"– Битола на увид на контролата и се дадени:
-,,Листа за присутност на работа" за сите лекари во служба ортопедија,за сите месеци од контролираниот период,потпишани и заверени со факсимил од началникот на одделение за ортопедија;
-,,Список за дежурства за месец ...... за одделение ортопедија ", за сите месеци од контролираниот период,потпишани и заверени со факсимил од началникот на одделение за ортопедија;
-Картон за работникот Д-р Александар Обедниковски за исплатени плати за период јануари-септември 2022 година.

Извршен е увид и споредба на исплатните листи за плата и евидентните листи за поминати часови на дежурство при што се констатира:

| )22 одина | Работа во денови на празник 142% | | | | Дежурство во редовни работни денови 114% | | | | Вкупен исплатен износ за дежурство в бруто износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Часови за работа според исплатни листи | Исплатен износ по исплатни листи - бруто | Часови за дежурство според Листа за присутост на работа | Часови за дежурство според месечни списоци за дежурства | Часови за дежурство според исплатни листи | Исплатен износ по исплатни листи – бруто | Часови за дежурство според Листа за присутост на работа | Часови за дежурство според месечни списоци за дежурства | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** |
| **05/2022** | 24 | **15.937** | 18 | 18 | 54 | **28.788** | 48 | **36** | **44.725** |
| **06/2022** | нема | нема | 36 | 18 | 78 | **52.805** | 48 | **60** | **52.805** |
| **07/2022** | нема | нема | 72 | 72 | 120 | **78.872** | 48 | **48** | **78.872** |
| **08/2022** | нема | нема | 36 | 36 | 72 | **53.288** | 36 | **36** | **53.288** |
| **09/2022** | нема | нема | 18 | 18 | 78 | **53.058** | 60 | **60** | **53.058** |
| **Вкупно** | 24 | **15.937** | **180** | **162** | **402** | **266.811** | 240 | **240** | **282.748** |

**Констатација:**

- **Во ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски"– Битола во одделението за ортопедија - дежурството од понеделник до петок се пресметува по 12 часа, а за време на викенд (сабота/недела) 18 часа и за државен празник дежурството се пресметува 24 часа, при што се констатира дека <u>има несовпаѓање</u> на часовите за дежурство наведени во исплатните листи за плата споредено со евидентните листи за поминати часови на дежурство добиени од ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски"– Битола.**
- **Дежурствата кои се евидентирани како дежурства во викенд според ,,Листата за присутност на работа" и ,,Список за дежурства за месец ...... за одделение ортопедија" во исплатните листи се исплаќаат како ,,дежурства на директор" заедно со дежурствата од понеделник до петок, видно од пресметките за плата за месеците јуни –септември 2022 година - исплатено со процент 114% .Во контролираниот период има едно празнично дежурство во месец мај 2022 година**

**исплатено со 142%.Саатнината која се зема како основица за пресметка на додатокот за дежурство од увидот во исплатните листи е утврдена од основната плата со коефициент 5,775.Саатнината се утврдува на 174 часа , а не со ефективните часови во месецот.**

Во исплатните листи во месеците мај и септември се посебно искажани саатите на ноќна работа,додека во останатите месеци не се посебно евидентирани,но се пресметани и исплатени

| 2022 godина | Ноќна работа (50%) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Часови за ноќна работа поред исплатни листи ** | Евидентиран износ по исплатни листи - бруто | Денови на дежурство според Листи за присуство на работа | Часови за ноќна работа според Листи за присуство на работа | Денови на дежурство според Списоци за дежурство | Часови за ноќна работа според Списоци за дежурство |
| 1 | 2 | 3 | 4 | (4*8 часа) | 5 | (5*8 часа) |
| 05/2022 | 40 | 9.353 | 5 | 40 | 5 | 40 |
| 06/2022 | нема* | нема* | 6 | 48 | 6 | 48 |
| 07/2022 | нема* | нема* | 8 | 64 | 8 | 64 |
| 08/2022 | нема* | нема* | 5 | 40 | 5 | 40 |
| 08/2022 | 48 | 15.505 | 6 | 48 | 6 | 48 |
| Вкупно | 88 | 24.858 | 30 | 240 | 30 | 240 |

*Нема посебно искажани часови во исплатна листа но се вклучени во бруто износ во ставката дежурства

**За секој ден дежурство се исплаќа по 8 часа ноќна работа

**Констатација:**

- **Евиденција за надоместокот за ноќна работа се води во „Список за дежурства за месец ...... за одделение ортопедија", каде се искажани по лекари вкупните денови поминати на дежурство во месецот.За секој ден дежурство се пресметуваат 8 часа ноќна работа.**
- **Според исказите на вработените кои пресметуваат плата во износот за дежурства во „Картон за работникот за период 01-12-2022 година" е вклучен и надоместок за ноќна работа (50%), за сите месеци вклучувајќи ги и месеците каде саатите на ноќна работа се искажани посебно (мај и септември).Во месец 9-2022 година саатите на ноќна работа се исплатени дупло.На контролата не и беа дадени на увид исплатни листи со целосен преглед на пресметана и исплатена бруто и нето плата, само „Картон за работникот за период 01-12-2022 година" и пресметки на плата од 01.2022 – 09.2022 година.**
- **Саатнината која се зема како основица за пресметка на додатокот за ноќна работа од увидот во исплатните листи е утврдена од основната плата со коефициент 5,775.Саатнината се утврдува на 174 часа , а не со ефективните часови во месецот.**

**На В.Д. медицинскиот директор Д-р Александар Обедниковски му се исплаќа надоместок за прекувремена работа кој согласно Колективниот договор за здравствена дејност изнесува :**

**Основната плата на работникот се зголемува по час и тоа за:**

**-прекувремена работа 29%**

| 2022 година | Прекувремена работа (29%) | | |
|---|---|---|---|
| месец / година | Часови за работа според исплатни листи | Евидентиран износ по исплатни листи - бруто | Денови на дежурство Според едвидетни листи |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 05/2022 | 8 | 4826 | 8 |
| 06/2022 | 6 | 3618 | 6 |
| 07/2022 | нема | нема | нема |
| 08/2022 | нема | нема | нема |
| 08/2022 | нема | нема | нема |
| Вкупно | 14 | 8.444 | 14 |

**Констатција:**

- **На увид на контролата доставени се евидентни листи за часовите на прекувремена работа, кои се потпишани: во месец мај 2022 година од началникот на ортопедија и директорот,додека во месец јуни 2022 од началникот на ортопедија и претседателот на управен одбор.**
- **Евиденцијата на прекувремени часови во исплатните листи се совпаѓа со евиденцијата во евидентните листови кои беа доставени до контролата.**
- **Саатнината која се зема како основица за пресметка на додатокот за прекувремена работа од увидот во исплатните листи е утврдена од основната плата со коефициент 5,775.Саатнината се утврдува на 174 часа , а не со ефективните часови во месецот.**

- На контролата и се доставени Одлуки од Управен одбор за користење на денови од годишен одмор во 2022 година за медицинскиот директор Д-р Билјана Гагачовска:

-Одлука бр.02-302/8 од 10.03.2022 година за користење на **годишен одмор од 2020** година во периодот 11,16,17,18,21,22 и 23 март 2022 година.

-Одлука бр.02-512/12 од 18.04.2022 година за користење на **годишен одмор од 2021** година во периодот од 26.04.2022-29.04.2022 година.

-Одлука бр.02-561/13 од 10.05.2022 година за користење на **годишен одмор од 2021** година во периодот од 30.05.2022-28.06.2022 година.Во овој период медицинскиот директор Д-р Билјана Гагачовска нема статус на медицински директор.

- На контролата и е доставена Одлука од Управен одбор за користење на денови од годишен одмор во 2022 година за В.Д. медицинскиот директор Д-р Александар Обедниковски:

-Одлука бр.02-697/2 од 23.06.2022 година за користење на **годишен одмор од 2021** година во траење од 10 дена за периодот од 22.08.2022-05.09.2022 година.

- За медицинскиот директор Д-р Билјана Гагачовска на контролата беа доставени Одлуки за за отсуство за патување во странство, на семинари и симпозиуми и друга стручна едукација во 2022 година:

  -Одлука бр. 02-512/10 од 18.04.2022 година за учество на дводневен онлајн стручно – научен Симпозиум на тема ,,Невроразвојни растројства и коморбидни состојби" од 05.05.2022- 06.05.2022 година.

  -Одлука бр. 02-561/12 од 10.05.2022 година за учество на Regional Pediatric and Neonatology Conference Healthy Development in Early Life во периодот од 12.05.2022-15.05.2022 година, кој се одржал во Хотел Аегеан Мелатрон во Калитеа,Грција.

  -Одлука бр. 02-512/11 од 18.04.2022 година за учество на VI Конгрес на DEAPS-а MENTALNO ZDRAVLJE DECE I MLADIH – NOVE REALNOSTI,ISKUSTVA I ZNANJA во периодот од 26.05.2022- 29.05.2022 година, кој се одржал во Врњачка бања,Република Србија.

- Доставени беа налози за службени патувања во земјата и тоа:

-На ден 04.02.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 09.02.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 16.02.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 21.02.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 25.02.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 03.03.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 01.04.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 21.04.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 28.04.2022 година службено патување –Скопје –За земање на донација по проект
-На ден 06.05.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 17.05.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 20.05.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за информатичко општество.

- За медицинскиот директор Д-р Билјана Гагачовска на ден 06.05.2022 година покрај службено патување во Министерство за здравство (во период од 07.00 часот до 19.30 часот-видно од патниот налог), има евидентирано и присуство за учество на дводневен онлајн стручно – научен Симпозиум на тема ,,Невроразвојни растројства и коморбидни состојби" од 05.05.2022- 06.05.2022 година.

- За медицинскиот директор Д-р Александар Обедниковски на контролата беа доставени Одлуки за за отсуство за патување во странство, на семинари и симпозиуми и друга стручна едукација во 2022 година:

  -Одлука бр. 02-991/20 од 21.09.2022 година за учество стручно – научен Симпозиум на тема ,,Мускулоскелетни заболувања и пост Ковид предизвици" од 22.09.2022- 24.09.2022 година во Улцињ,Р.Црна Гора.

- Доставени беа налози за службени патувања во земјата и тоа:

-На ден 03.06.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 13.06.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство
-На ден 28.06.2022 година службено патување –Скопје –Во ,,Авицена" –Скопје

-На ден 06.09.2022 година службено патување –Скопје –Предавање во хотел - Александар Палас.
-На ден 09.09.2022 година службено патување –Скопје –Во Министерство за здравство

- За медицинскиот директор Д-р Александар Обедниковски на датумите 13.06.2022 година и 09.09.2022 година покрај службено отсуство има евидентирано и работа со дежурство.

Евиденција за доаѓање и заминување на вработените се води рачно со Листи за присутност на работа. Во ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски" – Битола набавен е систем за електронска евиденција на работно време, но истиот не е ставен во функција.За медицинските директори на ЈЗУ Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски" – Битола не се води евиденција на работно време.

Прилеп, 21.11.2022 година

Финансиски контролори

Крсте Латкоски ____________________;

Соња Кузманоска ___________________;

Директор

на Сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев

____________________